# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 6 * година VII* 14.05.2012 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, мај 2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за продажба на објект-сопственост на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за продажба на објект-сопственост на Општина Карпош донесена на Педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 11 мај 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 3343/1**
**14.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 66 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02/, Советот на Општина Карпош, на Педесет и втората седница, одржана на 11 мај 2012 година донесе

**О Д Л У К А**

за продажба на објект-сопственост на Општина Карпош

**Член 1**

Да се изврши продажба на објект-зграда на ул. „Демир Трајко“ бб во Скопје, со површина од 1509 м2, изградена на КП бр. 3896, запишана во имотен лист бр. 4941 за КО Карпош.

**Член 2**

Продажбата на објектот од член 1 на оваа одлука да се изврши по пат на јавно наддавање со почетна цена од 163.045.756,00 денари според Проценката бр. 08-9352/1 од 7.12.2011 година.

**Член 3**

Огласот за јавно наддавање за продажба на објектот од член 1 на оваа одлука да се распише под следните услови:

- право на учество на јавното наддавање имаат сите деловно способни домашни и странски физички и правни лица,
- учесниците на јавното наддавање треба да уплатат паричен депозит за учество на јавното наддавање во износ од 20% од почетната цена на објектот, со уплата на депозитната сметка на Општина Карпош,
- депозитот треба да биде уплатен најдоцна два дена пред денот на одржувањето на јавното наддавање,
- рокот за склучување на Договорот за купопродажба е 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање,
- плаќањето на купопродажната цена да биде во готово во рок од 15 дена или на рати најмногу до 6 (шест) месеци. од денот на склучување на Договорот за купопродажба

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука да формира Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање за продажба на објектот.

**Член 5**

По завршување на постапката за јавно наддавање за продажба на објектот, Комисијата за спроведување на постапка за јавно наддавање за продажба на објектот е должна во рок од 5 дена од денот на завршувањето на постапката да изготви и до Градоначалникот на Општина Карпош да достави извештај.

**Член 6**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 10 дена по добивањето на Извештајот да склучи Договор за купопродажба на објектот со најповолниот понудувач и до Советот на Општина Карпош да достави Извештај за спроведената постапка за продажба на објектот.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3186/1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за доделување на парични средства - награди на 10 ученици, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2011/2012 година

1.Се објавува Одлуката за доделување на парични средства - награди на 10 ученици, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2011/2012 година донесена на Педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 11 мај 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 3343/2**
**14.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/02), а во врска со Глава II. Проекти за реализација, Точка 7. Полуматурска забава од Програмата за образование за 2012 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 19/2011 и 4/2012), Советот на Општина Карпош на Педесет и втората седница одржана на 11 мај 2012 година донесе

# О Д Л У К А
## за доделување на парични средства - награди на 10 ученици, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2011/2012 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдува доделување на парични средства - награди во износ од по 12.000,00 денари на десет ученици од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош кои се прогласени за првенци на генерација во своите училишта во учебната 2011/2012 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Член 3

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 07-3186/2
11.05.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реновирање на црковната куќа ( трпезарија) во црквата “ Св.Троица” од с.Бардовци

1.Се објавува Одлуката за одобрување на средства за реновирање на црковната куќа ( трпезарија) во црквата “ Св.Троица” од с.Бардовци донесена на Педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 11 мај 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 3343/3**
**14.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02/, Советот на Општина Карпош, на Педесет и втората седница, одржана на 11 мај 2012 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на средства за реновирање на црковната куќа( трпезарија) во црквата “ Св.Троица” од с.Бардовци

Член 1

Се прифаќа Барањето за реновирање на црковната куќа (трпезарија) во црквата “Св.Троица” од с.Бардовци бр. 08 – 3261/1 од 09.05.2012 година, доставено од Црковниот одбор при храмот “ Св.Троица” од с.Бардовци.

Член 2

За реализација на барањето од точка 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 650.000,00 денари.

Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, Програма АО – Совет на Општина, ставка 413-тековни резерви, потставка 413110 – тековни резерви.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука да формира Комисија од 3 члена која што ќе го следи процесот на реновирање на црковната куќа (трпезарија) во црквата “Св.Троица”.

Комисијата од ставот 1 на овој член е должна до Градоначалникот на Општина Карпош да достави извештај за текот на реализацијата на реновирањето на црковната куќа (трпезаријата).

Член 5

По завршувањето на активностите поврзани со реновирањето на црковната куќа (трпезарија) во црквата “Св.Троица “, Црковниот одбор при храмот на Сц. Троица од с. Бардовци е должен до Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализацијата на одобрените средствата.

Член 6

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Склужбен гласник на Општина Карпош".

Број 07-3186/3
11.05. 2012 година
Скоп ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за прекинување на постапка за Јавно приватно партнерство

1.Се објавува Одлуката за прекинување на постапка за Јавно приватно партнерство донесена на Педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 11 мај 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 3343/4**
**14.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 5/02), член 72, став 2, алинеја 3, 74, став 1, алинеја 1 и ставпови 2 и 3, член 92, став 2 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010) Советот на Општина Карпош, на Педесет и втората седница, одржана на 11 мај 2012 година, донесе

О Д Л У К А
за прекинување на постапка за Јавно приватно партнерство

Член 1

Се прекинува постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, доградба и адаптација на објектот на МЗ “ Долно Нерези” - Општина Карпош – Скопје, заради воспоставување на едукативен центар објавен во “Службен весник на Република Македонија” бр. 130/2011, “Службен гласник на Општина Карпош “ бр. 11/2011 и во дневниот весник „ Утрински весник” на 24.02.2012 година.

Постапката за доделување на договор за Јавно приватно партнерство се прекинува поради тоа што на јавниот повик бр. 1204/1 не се јави ниту еден понудувач.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за јавно приватно партнерство (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.11/2011).

Член 3

Оваа одлука да се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3186/4
11.05.2012 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален Урбанистички план за населба Козле, МЗ Пецо Божиновски Кочо, Дел А, Блок 1-Општина Карпош,Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален Урбанистички план за населба Козле, МЗ Пецо Божиновски Кочо, Дел А, Блок 1-Општина Карпош,Скопје донесена на Педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 11 мај 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 3343/5**
**14.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2003, 137/2007, 91/09, 124/2010,18/2011 и 53/2011) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Педесет и втората седница одржана на 11 Мај 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување Нацрт-Детален Урбанистички план за населба Козле, МЗ Пецо Божиновски Кочо, Дел А, Блок 1-Општина Карпош,Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален Урбанистички план за населба Козле, МЗ Пецо Божиновски Кочо, Дел А, Блок 1-Општина Карпош,Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север**: границата оди по осовината на сервисна улица Јуриј Гагарин

**На исток:** границата оди по осовината на пешачка патека до пресечената точка со станбена улица Јуриј Гагарин

**На југ:** границата оди по осовината на станбената улица Јуриј Гагарин и преку пешачката патека преминува по осовината на собирната улица Козле

**На запад:** границата оди по осовината на собирната улица Козле,поминува на осовината на сервисната улица Јуриј Гагарин.

Површината на урбаниот опфат изнесува 3.64 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи со компатибилни намени, комунална супраструктура.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

А2 – домување во станбени куќи со компатибилни намени Б4 до 15%, Б1 до 20%, Б2 до 30%, Б4-20% ,В3 до 40%, В4 до 10%, Д3 до 40% со вкупно учество на компатибилни намени до 40%.

Е2-комунална супраструктура-новопланирани трафостаници

Максималната висина на градбите изнесува Нмах.=22.50м., односно висина во катови П+6+Пк.

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 3186/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05..2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за урбан блок Карпош 3 “Трговско – Спортски центар“, дел од УБ 1 и УБ 3-Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за урбан блок Карпош 3 “Трговско – Спортски центар“, дел од УБ 1 и УБ 3-Општина Карпош,Скопје донесена на Педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 11 мај 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 3343/6** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**14.05.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 26 став 4 алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09 , 124/10 I 18/11) и член 16 од Статутот на Општината Карпош ( „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06), Советот на Општина Карпош на Педесет и втората седница, одржана на 11 мај 2012 година донесе

**О Д Л У К А**

за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за урбан блок Карпош 3 “Трговско – Спортски центар“, дел од УБ 1 и УБ 3-Општина Карпош,Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува измена и дополнување на Детален урбанистички план за урбан блок Карпош 3 “Трговско – Спортски центар“, дел од УБ 1 и УБ 3-Општина Карпош,Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

-На север по оската на новопланирана улица 3 (реализирана) и и границата на КП 328/1

-На запад по оската на новопланирани пешачки улици

-На југ по оската на новопланирана улица 2 и граница на наменска зона дефинирана со ГУП

-На исток по оската на бул.“Октомвриска Револуција“

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 10,24 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план, ги содржи следните класи на намени:градби за собири, спорт и рекреација, заштитно зеленило, комунална супраструктура и комунална инфраструктура..

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени:

Б6-градби за собири

Д3-спорт и рекреација

Д2-заштитно зеленило

Е2-комунална супраструктура

Е1 комунална инфраструктура

Максималната висина на градба во планот изнесува H max = 20,00 м., односно висина во катови П+3..

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план се заверува во седум примероци од кои: еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив, еден примерок се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности и седмиот примерок се изложува кај донесувачот на планот заради достапност на јавноста.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3186/6
11.05..2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.-Одлука за продажба на објект – сопственост
на Општина Карпош со Решение за објавување .................... 2-4

2.-Одлука за доделување на парични средства –
награди на 10 ученици, првенци на генерација во
општинските основни училишта на Општина Карпош
за учебната 2011/2012 година со Решение за објавување .....................5-6

3.-Одлука за одобрување на средства за реновирање
на црковната куќа( трпезарија) во црквата “ Св.Троица”
од с.Бардовци со Решение за објавување ...................... 7-9

4.-Одлука за прекинување на постапка за Јавно
приватно партнерство со Решение за објавување ..........................10-11

5.-Одлука за утврдување на измена и
дополнување на Нацрт-Детален Урбанистички
план за населба Козле, МЗ Пецо Божиновски Кочо,
Дел А, Блок 1-Општина Карпош,Скопје со Решение за објавување ....................... 12-14

6.-Одлука за донесување на измена и дополнување
на Детален урбанистички план за урбан блок Карпош 3
“Трговско – Спортски центар“, дел од УБ 1 и УБ 3-Општина
Карпош,Скопје со Решение за објавување ...........................15-17

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** Ул. Демир Трајко, тел. 3065-925
**Тираж:** 25 примероци